РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 12-4663/2
14.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „ Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш.арх.бр.12-4663/1 од 13.11.2024 година, поднесено од барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, , е-маил: , преку застапникот/полномошник на барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, е-маил: , на ден 14.11.2024 година донесе:

**РЕШЕНИЕ**

1. **ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш.арх.бр.12-4663/1 од 13.11.2024 година, поднесено од барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, застапникот/полномошник на барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, во однос на следната информација од јавен карактер:
   - Информација до МВР на РСМ – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал со ваш арх.бр.03-4221/3 од 21.11.2022 година.

2. **СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, на начин што примерок од бараната Информација до МВР на РСМ – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал со наш арх.бр.03-4221/3 од 21.11.2022 година, се доставува во прилог на ова Решение, како Прилог бр.1.

**Образложение**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје преку застапникот/полномошник на барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, поднесено е Барање за пристап до

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел. + 389 2 3103 400
www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

информации од јавен карактер наш.арх. бр.12-4663/1 од 13.11.2024 година, со кое се бара пристап до следната информација од јавен карактер: Информација до МВР на РСМ – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал со наш арх.бр.03-4221/3 од 21.11.2022 година.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараната информација од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нејзина недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараната информација.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 88 од Законот за општата управна постапка, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

Цветанка Митревска

Прилог (1)

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.